Р Е П У Б Л И К А  С Е В Е Р Н А  М А К Е Д О Н И Ј А
**Приватна непрофитна високообразовна установа**
**Самостојна висока стручна школа**
**БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС**
**Скопје**

# П Р А В И Л Н И К

**за издавачка дејност на БАС**

**Скопје, јуни 2019**

Врз основа член 60 став 1 алинеја 28 од Статутот на БАС и врз основа на Предлог Правилникот за издавачка дејност на БАС (дел. бр. 0205-174/6 од 21.06.2019 година), Органот на основачи на БАС на ден 26.06.2019 година го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој Правилник се уредуваат начинот и постапката за остварување на издавачката дејност на Бизнис академијата Смилевски – БАС (во понатамошниот текст: БАС), односно:

1) Услови, начини и постапки за издавање на учебници и други изданија;
2) Категоризација, обем и тираж на учебниците и другите изданија;
3) Постапка за издавање;
4) Обезбедување на средства за издавачка дејност;
5) Авторски хонорари и други надоместоци на авторите;
6) Цени и продажба на учебниците и другите изданија.

**Член 2**

(1) Издавачката дејност се остварува преку издавање на учебници, учебни помагала, студии, списанија, годишници, зборници и друга прирачна литература, рекламен материјал, формулари и обрасци, и други материјали потребни за извршување на дејноста на БАС.

**Член 3**

(1)Изданијата на БАС се печатат на македонски јазик и/или на некој странски јазик.

**Член 4**

(1) Сите законски права за изданијата на БАС ги задржува БАС.

### 1.1. Издавачки совет

**Член 5**

(1) Издавачката дејност на БАС се остварува врз основа на годишни и/ или повеќегодишни планови што ги изготвува Издавачки совет, а ги усвојува Наставничкиот совет на БАС.

**Член 6**

(1) Издавачкиот совет на БАС го сочинуваат: еден заменик директор и двајца постојано вработени наставници (по еден од секоја локација).

(2) Издавачкиот совет го избира Наставничкиот совет на БАС.

(3) Мандатот на членовите на издавачкиот совет е 4 години со право на реизбор.

**Член 7**

(1) Издавачкиот совет ги има следниве задачи:

1) Ја организира и следи издавачката дејност и предлага мерки за нејзино унапредување;
2) Го изготвува планот за издавачка дејност за секоја студиска година;
3) Го реализира планот за издавачка дејност и предлага мерки за подобрување;
4) Ги информира Директорот и Органот на основачи за реализација на издавачкиот план;
5) Ги разгледува барањата за издавање кои се доставени до Наставничкиот совет;
6) Се грижи заедно со авторите за обезбедување на финансиски средства за издавање и печатење;
7) Се грижи за навремено излегување од печат на учебниците или учебните помагала, како и на другите изданија на БАС;
8) Ги разгледува извештаите од рецензентите и проверува дали авторите постапиле по забелешките;
9) Се грижи за организирање на промоција на делата.

## 2. СРЕДСТВА ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

**Член 8**

(1) Средствата за издавачката дејност се обезбедуваат од сопствените извори на БАС или од други извори.

(2) Средствата од претходниот став се утврдуваат и обезбедуваат на предлог на Издавачкиот совет од следниве извори:

1) Посебен фонд за издавачка дејност од страна на БАС;
2) Продажба на изданијата;
3) Непосредна соработка со правни и физички лица и други установи;
4) Самостојно од авторот/авторите;
5) Други извори.

**Член 9**

(1) За секоја публикација, одделно, пред да се почне со печатење, се изготвува посебна пресметка, која треба да ги содржи приходите и расходите (техничката подготовка на ракописот, трошоците за печатење, трошоците за рецензирање, трошоците за лекторирање, авторскиот хонорар и трошоците за дистрибуција).

(2) Врз основа на дадените параметри и утврдениот фонд од изворите, Издавачкиот совет изготвува пресметка и ја доставува до Органот на основачи на БАС кои ја усвојуваат и одобруваат за секоја публикација одделно.

**Член 10**

(1) За издавачката дејност на БАС се води посебна книговодствена евиденција, за секоја публикација одделно.

**Член 11**

(1) Наставничкиот совет на БАС донесува одлука за печатење за секое издание одделно.

**Член 12**

(1) Доколку изданието е финансирано самостојно од авторот/авторите, а истото е наменето за наставно-образовниот процес на БАС, тогаш БАС ќе го продава изданието според следниве услови:

1) Цената на делото ја утврдуваат Органот на основачи на БАС;
2) 10% од продажната цена на делото се одвојува за БАС;
3) Останатиот износ според бројот на продадени дела се исплатува на издавачот, односно авторот/авторите.

## 3. КАТЕГОРИЗАЦИЈА, ОБЕМ И ТИРАЖ НА УЧЕБНИЦИТЕ

**Член 13**

(1) Учебниците се издаваат како основни учебници, основен заеднички учебник, компендиуми и учебни помагала.

(2) Основниот учебник ја опфаќа наставната материја на предметот според предметната и студиската програма, сразмерно со бројот на часовите/кредитите.

(3) Основниот заеднички учебник е изработен од повеќе автори од БАС или од други високообразовни установи, при што најмалку половина автори да се од БАС и е наменет за користење на повеќе високообразовни установи.

(4) Компендиумот опфаќа авторизирани предавања кој може да се издаде само во случај кога не е издаден основен учебник или кога основниот учебник не ги покрива целосно наставните содржини од предметната програма.

(5) Учебно помагало може да биде практикум, збирка задачи, речници, збирка на студии на случај и сите видови на печатени или електронски изданија кои претставуваат практичен или илустративен дел од основниот учебник.

**Член 14**

(1) Секоја тематска целина во учебникот на почетокот треба да содржи цели, прашања за насочување, контекст, што ќе научи читателот, од кого ќе научи и краток пример. Потоа тематската целина продолжува со илустративна студија или студии на случај каде преку реални примери од животот и од праксата ќе се приближи проблематиката до читателот, односно корисникот. Илустративната студија на случај посебно се истакнува.

Потоа се обработува теоретската рамка, каде посебно се нагласени важните делови и дефинициите. Секоја тематска единица во тематската целина завршува со прашања за утврдување. Тематската целина завршува со проблемска студија на случај, прашања за дискусија по студијата на случај, резиме, клучни зборови и насоки за дискусија.

(2) Учебниците, основните заеднички учебници, компендиумите или учебните помагала може да имаат и свои електронски изданија. За овие изданија важат истите правила како и за печатените изданија.

**Член 15**

(1) Тиражот на изданието го определува Издавачкиот совет.

(2) За минимален тираж се смета издание во 150 примероци.

## 4. УСЛОВИ, НАЧИНИ И ПОСТАПКИ ЗА ИЗДАВАЊЕ

**Член 16**

(1) Постапката за издавање на учебници, компендиуми и учебни помагала започнува со поднесување на писмено барање на авторот, односно авторите до Наставничкиот совет на БАС.

**Член 17**

(1) Барањето, од член 16 на овој Правилник, треба да ги содржи следниве податоци: име и презиме на авторот/ авторите, насловот на делото и предметната програма за која е наменето, предлог за можни рецензенти. Со барањето се поднесува и ракописот во печатена и електронска форма од учебникот, компендиумот или учебното помагало.

**Член 18**

(1) За изданија со измени поголеми од 20% од содржината од претходното издание се применува целосно истата постапка како за првото издание.

(2) Повторните изданија, чии измени се помали од 20% може да се издаваат само во случај доколку бројот на непродадени изданија е помал од бројот на студентите во една генерација која го користи тоа издание.

**Член 19**

(1) Секое дело на БАС задолжително на корицата треба да ги содржи следниве елементи: назив на БАС, лого/ грб на БАС, име и презиме на авторот/авторите, наслов на изданието.

(2) Страницата за информации за изданието треба да ги содржи следниве елементи: име и презиме на авторот/авторите, име и презиме на рецензентите, место и година на печатење, издавач, ISBN категоризација, јазична корекција, техничко уредување и коректура, спонзори (доколку ги има), печатница, тираж на изданието и други релевантни информации за изданието.

**Член 20**

(1) Наставничкиот совет задолжително избира минимум двајца рецензенти од соодветната научна област, посебно за секој учебник, компендиум или учебно помагало.

**Член 21**

(1) Рецензентите се должни, во рок од три месеци од денот кога им е доставена одлуката, до Наставничкиот совет на БАС да достават рецензија во два примерока, напишана на македонски јазик.

(2) Доколку рецензентите во рокот утврден во претходниот став не достават рецензија, Наставничкиот совет на својата наредна седница избира нови рецензенти.

**Член 22**

(1) Доколку рецензентите немаат заедничка рецензија, односно доколку еден од рецензентите даде негативна рецензија, Наставничкиот совет на БАС одлучува по таквата рецензија.

**Член 23**

(1) Рецензијата ја усвојува Наставничкиот совет на БАС.

(2) Одлуката за нејзиното усвојување и ракописот од учебникот, компендиумот или учебното помагало се доставуваат до Издавачкиот совет за издавање.

(3) Доколку рецензијата е негативна, постапката за издавање се прекинува.

**Член 24**

(1) Авторот/ авторите е/се должен/должни да постапи/постапат по забелешките на рецензентите.

(2) Доколку авторот/авторите не постапат по забелешките на рецензентите, Издавачкиот совет за тоа го известува Наставничкиот совет кој донесува одлука за натамошниот тек на постапката.

**Член 25**

(1) Рецензијата за учебник, компендиум или учебно помагало треба да ги содржи податоци поделени во општ и специфичен дел.

(2) Општиот дел на рецензијата треба да ги опфати следниве податоци

1) Наслов на делото
2) Вид на делото
3) Број на издание (доколку не е прво издание да се наведат разликите помеѓу изданијата)
4) Обем и распоред на делото
5) Содржина и структура на делото
6) Оригиналност на делото
7) Степен на соодветност на делото со предметната програма
8) Назив на предметот, семестар за кој е наменет;

9) Методичко-дидактички вредности на пооделните делови и на текстот во целина
10) Предлози за евентуални корекции;
11) Оценка на делото;
12) Заклучок со предлог за оправданоста на објавувањето на делото.

(3) Посебниот дел треба да ги содржи следниве податоци:

1) Соодветност на насловот со насловот на предметната дисциплина;
2) Делови на делото, содржина и нивно обележување;
3) Актуелност и оригиналност на делото;
4) Илустрации;
5) Литература;
6) Терминологија, стил и јазик.

(4) Доколку рецензијата не ги содржи податоците од став 1, 2 и 3 на овој член, Наставничкиот совет нема право да ја прифати рецензијата.

**Член 26**

(1) Наставничкиот совет, на барање на заинтересирана страна, може да покрене иницијатива за повторно издавање на веќе издадена публикација.

**Член 27**

(1) Секое дело подлежи на јазично редактирање од страна на лектор со положен лекторски испит. Лекторирање се врши по прифаќањето на рецензентскиот извештај.

**Член 28**

(1) Наставник, односно соработник може да предложи до Наставничкиот совет да се преведе публикација од друг јазик на македонски јазик.

## 5. АВТОРСКИ И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

**Член 29**

(1) На авторот, чие финансирање на изданието го прави БАС, му следуваат 30 (триесет) бесплатни примероци од секое издание.

(2) За изданијата во кои учествуваат повеќе автори следуваат по 15 (петнаесет) бесплатни примероци за секој автор, но не повеќе од 50 (педесет) бесплатни примероци вкупно, доколку се повеќе од двајца автори.

(3) Во библиотеката на БАС се депонираат по 15 (петнаесет) примероци на секоја локација.

(4) На наставниците и соработниците во постојан работен однос им следува по еден бесплатен примерок од публикацијата.

**Член 30**

(1) БАС и авторите склучуваат договор за издавање на ракопис. Со договорот се регулираат и:

1) Времетраењето на користење на авторските права од страна на БАС;

2) Условите за вреднување на авторските права;
3) Надоместоци.

**Член 31**

(1) Висината на авторските хонорари ја одредува Органот на основачи на БАС.

**Член 32**

(2) Продажбата на ракописите наменети за настава може да се врши преку книжарници или преку студентската служба на БАС.

**Член 33**

(1) За продажба на учебник, интересентот/студентот врши уплата на сметката на БАС на име на делото кое го купува.

**Член 34**

(1) Студентите не смеат да бидат задолжувани за купување на ракописите.

**Член 35**

(1) БАС ќе ги преземе сите потребни дејствија заради заштита на авторските права од противправно копирање на ракописите.

## 6. ЦЕНА НА ИЗДАНИЈАТА

**Член 36**

(1) Цената на изданијата се формира врз основа на:

1) Печатарските трошоци;
2) Трошоците за авторски хонорар;
3) Лекторирање, техничко уредување;
4) Пласман и продажба на делото;
5) Планот на издавачкиот совет.

## 7. ПРОМОЦИЈА НА ИЗДАНИЈАТА НА БАС

**Член 37**

(1) Директорот на БАС на заеднички или индивидуални промоции, врши промоција на изданијата кои се од значење и кои придонесуваат за унапредување и развој на наставно-научната и научно-истражувачката работа на БАС, на БАС Институтот за менаџмент, БАС Консалтинг и на ДЕТРА Центар и пошироко во Македонија, на Балканските и Европските простори.

**Член 38**

(1) Промоцијата на изданијата се прави по нивното издавање на засебен настан или во склоп на некој настан на БАС.

## 8. ЗАБРАНА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Член 39**

(1) БАС забранува содржина во учебниците и учебните помагала која поттикнува дискриминација врз одредена дискриминаторска основа.

(2) Авторот/авторите, рецензентите, комисиите и телата за издавачка дејност на БАС треба да го почитуваат принципот на недискриминација врз основа на пропишаните закони и ратификуваните меѓународни договори.

## 9. ДРУГИ ОДРЕДБИ

**Член 40**

(1) Надзор над примената на одредбите од овој Правилник врши Директорот на БАС.

(2) Доколку се утврдат повреди од овој Правилник, веднаш треба да се преземат мерки за нивно отстранување.

**Член 41**

(1) БАС насловите на своите изданија со фотографија од изданието ги објавува на интернет страницата на БАС.

**Член 42**

(1) Стручните, административните, сметководствените и финансиските работи во врска со издавачката дејност ги врши Стручната и административната служба на БАС.

## 10. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 43**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на усвојувањето од страна на Органот на основачи на БАС.

**Член 44**

(1) Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на ист начин и во иста постапка како и при неговото донесување.

**Орган на основачи:**

**Проф. д-р Цветко Смилевски**

**Виш пред. м-р Горазд Смилевски**

**Цена Смилевска**